Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 79, 1 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 48

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно-научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област елементарно образование (системи и методи) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 57

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 75

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 99



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на 56. седница, одржана на 27.2.2012 година, донесе Одлука бр. 2002-114/9 од 27.2.2012 година за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати по Конкурсот, објавен на 15.2.2012 година во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ за избор на еден ***асистент*** за научната област ***математика*** на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, во состав:

- д-р Билјана Јолевска-Тунеска, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, претседател,
- д-р Татјана Атанасова-Пачемска, вонреден професор на Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член,
- д-р Владо Гичев, вонреден професор на Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

На Конкурсот за избор на асистент во научната област *математика* се пријавила кандидатката м-р Лимонка Лазарова, помлад асистент за областа математика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Кандидатката ги приложила следниве документи:***

- пријава;
- уверение за одбранет магистерски труд во четири примероци заверени кај нотар;
- уверение за положени испити на втор циклус на студии заверено кај нотар;
- диплома за завршен прв циклус на студии;
- уверение за положени испити на прв циклус студии;
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда за познавање на странски јазик;
- уверение за државјанство;
- список на објавени и презентирани научни и стручни трудови (по еден примерок од наведените научни трудови во списокот со научни трудови);
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти со потврда за прием од Комисијата;
- Одлука за избор во звање помлад асистент на научната област математика, од 31.5.2010 год.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Лимонка Лазарова** е родена на 30 август 1983 година во Кочани. Основното образование го завршува во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Оризари со одличен успех. Средното образование на природно – математичката насока го завршува во ДСУ „Љупчо Сантов“ – Кочани со континуиран одличен успех.

Во 2002 година се запишува на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Наставна математика на Институтот за

математика. Додипломските студии ги завршува на 8 ноември 2006 година со просечен успех 8,93 со што се стекнува со звање дипломиран професор по математика.

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии по Применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 10,00, а магистерскиот труд го работи под менторство на проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска. Со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Модели на Black-Scholes и нивна примена" на 8 јули 2011 година се стекнува со академскиот степен **магистер по електротехника и информациски технологии** во област (потесна специјалност) применета математика во електротехниката и информациските технологии.

Во учебната 2011/2012 година се запишува на докторски студии при Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на насоката Математички науки и примени, на областа Функционална анализа под менторство на проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска. Од предвидените испити на докторските студии, кандидатката досега ги има положено испитите Научноистражувачка етика и Методологија на научното истражување.

***Наставно - образовна дејност и работно искуство***

Согласносо Одлуката на Матичната комисија за формирање на државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во јуни 2007 година, кандидатката е избрана за помлад асистент по предметите од областа математика на Факултетот за информатика, каде што работи и денес.

Во изминатиот петгодишен период, кандидатката како помлад асистент учествува во реализација на наставата на повеќе курсеви од областа математиката: Математика 1, Математика 2, Веројатност и статистика, Моделирање и симулации, Финансиска математика, Статистика за бизнис, Математичка анализа, Статистика, Веројатност, Топологија, како на Факултетот за информатика, така и на Економскиот факултет, Машинскиот факултет и Факултетот за природни и технички науки на студиската програма Математика.

Освен тоа, кандидатката посетува повеќе обуки и семинари:

- USAID, Креативна настава и учење, обука за наставни методи – „Со читање и пишување до критичко мислење", Охрид, 2006;
- USAID, Креативна настава и учење – „Образование за социјална правда", Охрид 2007;
- Министерство за образование и наука. Биро за развој на образованието, ФОН - Проект за модернизација на образованието, Скопје, 2010.

Активно учествува и во работата на Сојузот на Математичарите на Македонија (СММ) и во реализацијата на натпреварите по математика за основно образование, каде е и овластен делегат од СММ.

***Научноистражувачка дејност***

Во периодот од 2008 година до 2011 година, кандидатката м-р Лимонка Лазарова ги објавува или презентира следниве научни и стручни трудови.

1. Tatjana Atanasova Pacemska, **Limonka Lazarova,** Biljana Zlatanovska, "Some Aspects of Arbitrating" – IV Congress of the Mathematicians of Republic of Macedonia, Struga, 2008;
2. Татјана Атанасова-Пачемска, Билјана Златановска, **Лимонка Лазарова**, „Еден приод во воведувањето и интерпретацијата на економските функции во наставата по математика" – IV конгрес на математичарите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 2008;
3. Јован Ананиев, Страшко Стојановски, Наташа Максимова, **Лимонка Лазарова** „Политичко-правни и математички прогнози во спроведувањето на парламентарни избори во Република Македонија со отворени или затворени кандидатски листи", Национална научна конференција: Претставување и одговорност – отворени и затворени кандидатски листи, Скопје, 2010,

4. **Limonka Lazarova**, Biljana Jolevska – Tuneska, “The Black-Scholes Models and their application”, Mathematical Conference 2010 – Dedicated to Professor Gorgi Cupona, Ohrid, 2010, Tatjana Atanasova - Pacemska, Biljana Zlatanovska, **Limonka Lazarova,** Sanja Pacemska, “Possibilities for using the programming packet Mathematica in mathematical education”, - International Educational Technology Conference, May 2011, Istanbul, Turkey, www.iet-c.net.
5. **Лимонка Лазарова**, „Модели на Black-Scholes и нивна примена”, магистерски труд, Факултет за електротехника и информациски технологии, УКИМ, јули 2011, Скопје.
6. Татјана Атанасова-Пачемска, Билјана Златановска, **Лимонка Лазарова**, Авторизиран и позитивно рецензиран учебник по предавања и вежби по Математика 1 за Економски факултет.
7. Лидија Горачинова - Илиева, Билјана Златановска, **Лимонка Лазарова** – „Интерна скрипта по предавања и вежби по Математика 1” за студентите на техничките факултети.

Кандидатката е учесник и во меѓународниот проект Tempus Project No. 511342, TEMPUS iKnow, во кој меѓу останатите универзитети од Македонија и странство учествува и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Лимонка Лазарова ги исполнува сите законски критериуми за избор во звањето асистент, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Имајќи ја предвид досегашната активност, совесното и одговорното работење, напорите на кандидатката за унапредување на наставно-образовниот процес на Универзитетот и особено покажаната активност за свое лично научноистражувачко усовршување, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере **м-р Лимонка Лазарова за асистент за научната област *математика* на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска, претседател, с.р.**
**Вон. проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Владо Гичев, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Т А Б Е Л А**
**за вреднување на активностите на м-р Лимонка Лазарова, помлад асистент, според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра, во изборниот период) | 51 | 0,2 | 10,2 |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања и вежби | 1 | 8 | 8 |
| Член на комисија на ученички натпревари | 5 | 0,5 | 2,5 |
| Интерна скрипта по предавања и вежби | 1 | 6 | 6 |
| | | **Вкупно** | **26,7** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник со трудови на научен собир во земјата (редни броеви: 1, 2, 3, 4) | 4 | 1 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник со трудови на научен собир во странство (реден број 5) | 1 | 2 | 2 |
| Учество на стручен собир со презентација (усно) (редни броеви: 1, 2, 3, 4) | 4 | 1,5 | 6 |
| Одбранет магистерски труд (реден број 6) | 1 | 4 | 4 |
| Учесник на научен проект (макс. во 3 проекти) | 1 | 2 | 2 |
| | | **Вкупно** | **18** |
| | | **Вкупно** | **44,7** |

Минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на кандидатот по неговиот избор за помлад асистент, потребни за да биде избран во соработничко звање асистент се 25 поени од наставно-образовна и научноистражувачка дејност.

Кандидатката м-р Лимонка Лазарова по изборот за помлад асистент ги има остварено следниве поени: НО = 26,7 и НИ = 18 или вкупно 44,7 поени.